Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

103 години

Број 587 www.mchamber.mk 16.5.2025



## Промовирана монографија по повод 30-годишниот јубилеј на GS1 Македонија: „30 години глобален јазик на бизнисот“




## Азески со интензивна агенда на 12 мај: Самит на Македонија 2025, норвешка делегација, ЕУ претставници и коморско членство за Крис Павловски

20.05.2025, Обука РАБОТЕТЕ ПОПАМЕТНО, НЕ ПОТЕШКО: ОТКРИЈТЕ ЈА МОЌТА НА COPILOT ЗА WORD, EXCEL, POWER-POINT, OUTLOOK И ...

20.05.2025, Конференција Регионалната конференција за ревизија, усогласеност и управување со ризици– „Моќта на соработката”

21.05.2025, деловни средби „8th International B2B Software Days 2025“-The Future of Digital Busines”

27.05.2025, Работилница ПРОДАЖНА СКРИПТА – Креирајте ја вашата формула за успех во директна продажба

28.05.2025, Обука АМБАСАДОРИ НА СРЕЌАТА - КАКО ДА ГРАДИМЕ ПРОДУКТИВНА РАБОТНА СРЕДИНА КОЈА ПОТТИКНУВА ЛОЈАЛНОСТ И ПРИП...

28.05.2025, Конференција CATEGORY MANAGEMENT: СТРАТЕШКО УПРАВУВАЊЕ СО АСОРТИМАНОТ ЗА ПОГОЛЕМ УСПЕХ –

28.05.2025, Обука ISO/IEC 27701:2019-08 - ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА - БЕЗБЕДНОСНИ ТЕХНИКИ - ПРОШИРУВАЊЕ НА ISO/IEC 2700...

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПРЕМИУМ Покровители

СТАНДАРД Покровители

СИЛВЕР Покровители





достапни насекаде ...

Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

ISO 9001:2015

https://www.facebook.com/chamber.mk

https://www.youtube.com/user/MKChamber

https://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia




## Рафуна и Азески во Скопје разговараа за нормализирање на протокот на прехранбени производи на македонско-косовската граница



Претседателот на Стопанската комора на Косово и претседател на Комориските ивестициски форум (КИФ), Лулзим Рафуна, денеска престојуваше во Комората во Скопје на разговори околу проблемите со подолго задржување на македонски камиони кои транспортираат прехранбени производи на територијата на Косово, под изговор дека задржувањето е поради чекање резултати од лабораториски анализи.

На заедничката средба со претседателот на Стопанската комора и потпретседател на КИФ Бранко Азески, по согледување на состојбите беше констатирано следното.

1. Трговијата помеѓу двете земји како докажни трговски партнери, мора да се одвива непрекинато.

2. За конкретниот застој, да се надминат проблемите преку забрзување на протокот на камионите и наместо на меѓуграничниот простор тие да се насочат согласно законската регулатива во магацините и таму да се чека исходот од лабораториските анализи.

3. Да се примени принципот на проценка на ризик при спроведување на физичка контрола на граничниот премин, а не да се врши контрола на секоја пратка поединечно.

4. Да се иницира двете Влади преку надлежните институции (Агенциите за храна и ветеринарство), да работат на усогласување на сертификатите и заемно признавање на лабораториските анализи со акредитирани методи, зашто е потребно усогласување со европската регулатива.

Заеднички заклучок од состанокот на Рафуна и Азески, е дека мора да се применат конкретни активности во согласност со политиките на Европската Унија и меѓународните договори, затоа што само така и двете држави ќе покажат дека се сериозни во однос на патот кон кој се насочени, а тоа е членството во Европската Унија.

## Азески панелист на регионалната конференција „Еден регион, еден пазар – Чекор кон единствениот пазар на ЕУ“ во Нови Сад



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, ќе учествува како главен панелист на престижната 9. Регионална конференција – Еден Регион Еден Пазар – Чекор кон Единствениот пазар на ЕУ што се одржува денеска, 13 мај 2025 година, во Нови Сад. Настанот со наслов „Иднината на растот предводен од иновации 2025“ има цел да ги обедини водечките деловни лидери, креаторите на политики и претставниците на меѓународната заедница во насока на практично унапредување на регионалната економска интеграција на Западен Балкан.

Азески ќе биде дел од јавна панел-дискусија на високо ниво, каде што се очекува да ги сподели своите ставови за економската соработка во регионот и стратешката улога на иновациите во поттикнувањето одржлив раст. Неговото присуство е потврда за континуираната заложба на Комората да ја унапреди регионалната поврзаност и да поддржи политики кои ги отсликуваат реалните потреби и барања на деловната заедница од регионот.

Конференцијата ќе обедини над 150 учесници, меѓу кои претприемачи, генерални директори, инвеститори и претставници на владини институции од регионот и од Европската Унија. Главна намера е приватниот сектор да биде активно вклучен во креирањето јавни политики преку размена на идеи околу елиминирањето на трговските бариери, поттикнувањето инвестиции и создавањето функционален заеднички пазар.

Како носечки регионален глас во економската сфера, присуството на претседателот Азески на овој значаен меѓународен форум ја потврдува проактивната улога на Македонија во обликувањето на иднината на економијата во Западен Балкан.



## Азески избран за претседател на бордот на директори на „Прогресив академија“ Виница



Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, во улога на нов претседател на Бордот на директори на „Прогресив академија“, учевствуваше на Првата Прогресив лидерска конференција на тема „Пристап до финансии за мали и средни претпријатија“, што се одржа на 15.05.2025 година во Виница, во просториите на Винчини развојниот центар на Макпрогрес ДОО Виница.

-Сакаме да се свртиме од општите кон поединечните прашања и потреби за секоја компанија, заедно да помогнеме тие да создаваат конкурентни производи, каков што е примерот со нашите домаќини. Во „Макпрогрес“ имаат визија за тоа, што го докажуваат во изминатите 10 години, а во наредниот период во следната фаза, нашиот стратешки приоритет е да се свртиме кон човечките ресурси и да создаваме кадар токму таков каков што му е потребен на бизнисот. За таа цел, со помош на моето долгогодишно искуство, контакти и познавање од оваа област ќе придонесам оваа Академија да се издигне на повисоко и еве, почнуваме да работиме веднаш“- истана претседателот Азески.

Генералниот директор на Макпрогрес Виница, Глигор Цветанов, во своето обраќање истакна дека со инвестициите на Макпрогрес и на другите локални компании од овој дел од земјата, со новата подобрена патна инфрастурктура и со активностите на Прогресив академија во делот на подобрување на вештините согласно потребите на бизнисот, се даде нов импулс за развој на источниот регион.

„Чест ни е што соработката со Стопанската комора ја зајакнуваме, а нејзиниот претседател се приклучува како нов претседател на Одборот на директори на нашата Прогресив Академија“, истакна Цветанов.

## Азески со интензивна агенда на 12 мај: Самит на Македонија 2025, норвешка делегација, ЕУ претставници и коморско членство за Крис Павловски

Претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија, Бранко Азески, заедно со претставници од раководството на Комората присуствуваа на 14-то издание на Самитот на Македонија2025, што се одржува од 12 до 14 мај во хотелот „Мериот" во Скопје. Самитот претставува водечки регионален настан посветен на економскиот развој, иновациите и технолошкиот напредок, а оваа година собра над 550 учесници – меѓу кои домашни и странски лидери, бизнисмени, претставници на дијаспората и академската заедница.

Во фокусот на Самитот се теми од клучно значење за иднината на македонската економија, меѓу кои забрзан економски раст, дигитална трансформација, иновации и привлекување странски инвестиции. Претседателот Азески ја искористи можноста за размена на мислења со врвни лидери и експерти од различни сектори, со цел унапредување на регионалната соработка и поврзување на домашниот бизнис-сектор со глобалните текови.

На свеченото отворање на Самитот, воведни обраќања имаа претседателот на Одборот на директори на Македонија2025, Виктор Мизо и извршната директорка проф. д-р Никица М. Блажевски, а еден од главните говорници беше и премиерот Христијан Мицкоски. Присуството на истакнати владини претставници, како и лидерите од бизнис-заедницата, го потврдува значењето на Самитот како стратешка платформа за креирање политики и визии за одржлив развој на Македонија.



Во текот на вчерашниот ден, претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, оствари работна средба со делегација од Норвешка, составена од претставници на бизнис-асоцијацијата СМБ Норвешка и на Норвешко-македонската стопанска комора со седиште во Осло. Разговорите беа насочени кон унапредување на деловната соработка и размена на искуства за подобрување на регулативата и условите за малите и средните претпријатија во двете земји.

На средбата се дискутираше за економските потенцијали на Северна Македонија, како и за можностите за продлабочување на економската соработка, која моментално е на скромно ниво. Посебен акцент беше ставен на организирање заеднички активности и настани, со цел воспоставување поцврсти врски меѓу компаниите од двете земји. Договорено е да се иницира формализирање на соработката и во втората половина од годината да се организира повратна посета на норвешки компании во Македонија.

Според најновите податоци, трговската размена меѓу двете земји во 2024 година изнесувала 11,3 милиони долари, што претставува раст од 3,42 % во споредба со 2023 година. Извозот достигнал 5,93 милиони долари (раст од 7,68 %), додека увозот изнесувал 5,45 милиони долари. Во првите два месеци од 2025 година, трговската размена изнесува 1,85 милиони долари, што е за 3 % повеќе од истиот период минатата година.



Средба на претседателот Азески со претставници на земјите-членки од ЕУ во земјата

Претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, во текот на вчерашниот ден оствари средба и со највисоките дипломатски претставници на земјите членки на Европската Унија кои имаат амбасади во Скопје. Средбата беше посветена на иницијативата за формирање на Бизнис-клуб Европа – нова платформа за соработка помеѓу дипломатските мисии на ЕУ и претставници на македонскиот бизнис-сектор.



Идејата зад клубот е да обедини околу дваесет истакнати сопственици и менаџери на македонски компании заедно со претставниците на ЕУ-земјите, со единствена цел да ги поттикнат активностите за економска соработка со Европската Унија. Главните теми на кои ќе се работи се постигнување на стандардите, забрзување на протокот на стоки и услуги, искористување на европските фондови и примена на европски вредности во домашното деловно работење.

На средбата беше заклучено дека присутните изнесоа конструктивни предлози кои ќе бидат вградени во процесот на конституирање на клубот, планиран за почетокот на јуни. Новоформираниот Бизнис-клуб Европа веќе предизвика голем интерес кај македонските компании, бидејќи претставува прв обид за ваков вид интерактивен дијалог со конкретни цели и содржини.

Синоќа, во ексклузивниот ресторан „Риа" во Скопје, претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, му ги врачи обележјата за членство на Крис Павловски, со што неговата компанија „Рамбл" (Rumble) официјално стана членка на Комората. На свечената вечера во организација на Македонија2025 присуствуваа и премиерот Христијан Мицкоски, членовите на Одборот на директори на Македонија2025, како и поранешниот премиер на Грузија, кој е учесник на Самитот Македонија2025.



Азески истакна дека Македонија треба да се гордее со луѓе како г. Павловски, кои не се само симбол на младите Македонци, туку и на младите претприемачи низ светот. Крис Павловски, канаѓанец со македонско потекло, е основач и извршен директор на видео-платформата „Рамбл", основана во 2013 година. Благодарение на неговото визионерство и претприемачки дух, „Рамбл" прерасна во глобална технолошка компанија со пазарна вредност од над 3,6 милијарди долари.

## Промовирана монографија по повод 30-годишниот јубилеј на GS1 Македонија: „30 години глобален јазик на бизнисот“




Со свечен настан организиран во рамки на Стопанската комора на Северна Македонија, GS1 Македонија го одбележа 30-годишниот јубилеј од своето основање. Во присуство на бројни претставници од деловната заедница, беше промовирана монографијата „30 години глобален јазик на бизнисот“, која го документира патот на организацијата во изминатите три децении.

Во своето обраќање пред присутните, претседателот на Стопанската комора, Бранко Азески, истакна дека GS1 стандардите, чии најпознати симболи се баркодовите, не се само технолошка алатка, туку суштинска поддршка за конкурентноста, дигитализацијата и глобалната видливост на македонските компании.

„GS1 Македонија веќе три децении неуморно работи на тоа да ги поврзе нашите компании со светот, да воведе ред во податоците, да ја олесни трговијата, логистиката и пристапот до пазарите. Денес таа обединува 1 300 свои компании членки на едно место. Монографијата претставува хронолошки приказ на развојот и достигнувањата на GS1 Македонија, како и визијата за иднината во дигиталната ера. Ги опфаќа клучните проекти и резултати кои оставија траен белег во македонското стопанство, но и визијата за иднината – дигитализација, интеграција на 2D баркодови и глобална конкурентност“, истакана Азески.

Во рамки на прославата, за првпат беше доделена и нововоспоставената награда „Амбасадор на GS1 стандарди“, која има за цел да ги препознае компаниите што најдоследно ги имплементираат и промовираат GS1 стандардите. Првиот добитник на ова признание е компанијата Алкалоид АД Скопје, која уште од 1994 година е членка на GS1 Македонија.

GS1 стандардите денес се применуваат во над 118 земји во светот. Во нашата држава, примената на баркодовите започна уште во 1982 година. По осамостојувањето на нашата држава, во 1994 година во рамките на Стопанската комора се формира сектор задолжен за издавањето на баркодовите EAN МАК, кој што станува полноправен член на EAN International. Во 2006 година следејќи ги меѓународните текови EAN МАК се преименува во GS1 Македонија, а во 2009 година се формира и посебен правен субјект и се одржува првата седница на Генералното собрание на GS1 Македонија.



## Квалитетно стручно образование и обука- синоним за стручни кадри, лидери, иноватори и двигатели на промени



м-р Наташа Јаневска, проектен менаџер во Комората.учествуваше на ЕТФ Форумот за обезбедување квалитет, на кој нашата земја беше домаќин, и го пренесе искуството од учеството на Комората во системот на стручното образование и обука до учесниците на форумот од државите - аспиранти за членство во Европската Унија и од државите, членки на ЕУ.

„Улогата на Комората во системот на стручното образование се одвива во три сегмента: техничка, стручна и во делот на обезбедување квалитет. Техничката улога на Комората се однесува на вмрежување на компаниите со стручните училишта за нивна заемна соработка во реализација на практичната обука на учениците и промоцијата на стручното и дуалното образование кое придонесе за зголемување на бројката на запишини ученици во стручното образование. Стручната улога на Комората е видлива во изработка на годишни и двегодишни анализи за потребите од вештини на компаниите и испорака на барања за нови квалификации кои ќе се обезбедуваат преку образовниот систем и во подготовка на: 1. стандарди на занимање, кој го опишуваат потребното знаење, вештини и компетенции на ученикот за да биде способен да изведува работни задачи, должности и функции во рамките на занимањето; 2. стандарди на квалификација, каде се дефинираат знаењата, вештините и компетенциите кои треба да ги поседува ученикот откако ќе ја стекне квалификацијата и 3. образовна програма каде е дефинирано што треба да учи ученикот за да ги постигне пропишаните знаења, вештини и компетенции за да извршува одредени работни задачи, должности и функции, како и во хармонизирање на законската регулатива, изработка на системски документи (концепции, стратегии и методологии) и во креирање на уписната политика. Во делот на обезбедување квалитет учествува во организацијата на обуките за сертифицирање на менторите и во верификација на компаниите за реализација на практичната обука. Комората води регистри за сертифицирани ментори и верифицирани компании и портал за афирмација на стручното образование и обука.“ истакна м-р Наташа Јаневска, проектен менаџер во Комората.

На форумот Јаневска презентираше дел од конкретните активности на Стопанската комора во делот на стручното образование нагласувајќи дека во систем на коморски плурализам кои е воспоставен во нашата држава, Стопанската комора е единствената која има капацитет и човечки ресурси за обезбедување на функционално и пазарно ориентирано стручно образование и обука.

## Дебата на Советот на странски инвеститори - Дигитална трансформација, иновации, таргетирани странски инвестиции и борба против корупцијата за забрзан економски раст на државата -

На вчерашната дебата во организација на Советот на странски инвеститори при Стопанската комора на Северна Македонија, каде домашни и странски експерти разговараа на тема: "Во време на турбуленции во глобалната трговија и во финансиските текови: Патот напред за македонската економија", беше посочено дека наместо кон странски инвестиции кои ќе вработуваат илјадници луѓе, Македонија треба да се насочи кон инвеститори кои ќе понудат поголема додадена вредност, а не само бројка.

Учесниците во дискусијата потенцираа дека светот се соочува со драматични промени, и дека и нашата земја, но и светот се соочува со големи предизвици – од геополитички тензии и прекинати синџири на снабдување, до флуктуации на финансиските текови и растечка неизвесност. Според учесниците на дебатата, покрај квалитетот и дисперзирањето на странските инвестиции, треба да се обрне внимание и на грижата за задржување на постојните инвеститори кои и понатаму ќе вложуваат во проширување на капацитетите, но и на важноста домашните компании да се вклучат во унапредување на производството и во синџирите на снабдување, што е една од слабостите во изминатиот период.

Дополнителен предизвик се и технолошките промени кои ги носи дигитализацијата. Во оваа ситуација ќе има победници и губитници, но беше истакнато дека е позитивно што и релативно мали држави како Македонија можат да најдат свое место во новиот глобален поредок.

„Целиот свет драматично се промени, зборуваме за евтина работна сила, за привлекување инвестиции... Гледаме дека во последните 18 месеци компании во Србија, Бугарија, Романија, кои се трудоинтензивни и имаат 2-3 илјади вработени си заминуваат, бидејќи не може да најдат вработени и не се доволно конкурентни. Мора да бидеме свесни за тоа. Она што го имаме во нашата земја, тоа Мароко, Тунис, Египет го имаат повеќе, не само поевтина работна сила туку имаат и бројка, повеќе млади луѓе на годишно ниво отколку кај нас за 20 години", истакна Виктор Мизо, претседател на Советот на странски инвеститори. Мизо додаде дека државните субвенции можат да дадат резултати на краток рок, но не и на долг рок, и дека треба да се изберат неколку сектори каде што земјата има конкурентна предност и добро да се познаваат водечките компании во тие сектори.

Јирген Капенман од Policultancy, истакна дека на компаниите како "Гугл" и "Мајкрософт" им се допаѓа Западен Балкан поради одличниот квалитет на луѓето, но сепак им е и прескап. Тој додаде: "Вистинската конкурентност е во Нигерија која има стотици милиони луѓе кои нудат ист квалитет на услуги, но за десет отсто од цената во регионот. Тоа е реперот." Капенман укажа дека Западен Балкан се соочува со силна конкуренција и затоа му се потребни повеќе капитално интензивни проекти, роботизација и автоматизација.

Зоран Јовановски, експерт за макроекономија, акцентот го стави на неодржливоста на трговскиот дефицит на долг рок, укажувајќи дека во последните 15-тина години дефицитот во трговската размена со светот изнесува 21 отсто од домашниот бруто-производ.

„Колку долго може да го финансираме таквиот дефицит", праша тој, посочувајќи дека на краток рок тоа може да се прави со приливите од странство, односно со приватните трансфери или со вишокот кој што го овозможуваат услугите.

Тој нагласи дека на прашањето како да се зголеми приливот на девизи и од кои индустрии одговор може да го даде науката и да се има системски приод. Според него потребно е да се фокусот да се стави на нето извозните компании, како и да се привлекуваат висококвалитетни странски директни инвестиции.

Претседателот на Собранието на Комората, Антони Пешев во фокусот на дискусијата го стави информатичко технолошкиот сектор, како двигател на економскиот развој. Според него потребни се брзи чекори, во спротивно, како што кажа „ќе не поклопи цунами", мислејќи на промените кои ги носи вештачката интелигенција и нејзиното влијание врз економските текови.

„Потребна е акција, треба да инвестираме во вештачка интелигенција, никој не е свесен колкаво цунами не очекува, а ќе има огромен ефект врз нас, како општествен, така и врз работната сила и политиката", рече Пешев.

Зоран Ставрески, поранешен вицепремиер и министер за финансии рече дека 12-13 земји од Европа успеале помеѓу 1990 и 2025 да се придвижат од земји со среден приход до земји со висок приход. Десет од тие земји се во регионот на Средна Европа, а другите две се Грција и Малта.

„Она што ние се обидуваме да дознаеме е кога Македонија ќе биде класифицирана во групата земји со висок приход", рече Ставрески.

Тој додаде дека сега активно се работи со Комората и со Македонија 2025 на воспоставување модел кој ќе ја одржи македонската конкурентност во однос на подобро стручно образование.

Мајк Зафировски и проф. д-р Никица М. Блажевски ги повторија главните приоритети на Македонија 2025 и тоа: потребата од забрзан економски раст и креирање решенија како тој да се оствари, целосно спроведување на дигиталната трансформација во државата, поголем фокус на иновациите, привлекувањето странски инвестиции и борбата против корупцијата.

Учесниците на дебатата организирана од Советот на странски инвеститори, се согласија дека покрај квалитетот и дистрибуцијата на странските инвестиции, треба да се посвети внимание и на задржување на постојните инвеститори и на вклучување на домашните компании во унапредување на производството и во синџирите на снабдување.



СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




**21-22.5.2025**
**Обука**

# РАБОТЕТЕ ПОПАМЕТНО, НЕ ПОТЕШКО: ОТКРИЈТЕ ЈА МОЌТА НА COPILOT ЗА WORD, EXCEL, POWERPOINT, OUTLOOK И TEAMS




Брзото и динамично бизнис опкружување во кое дигиталните технологии заземаат се поголем удел во обавувањето на секојдневните задачи, ја наметнува потребата од нов сет на знаења и вештини кои ќе влијаат врз зголемување на продуктивноста и ефикасноста на вработените во остварувањето на секојдневните работни задачи.

Во насока на приближување на дигиталните вештини до секоја компанија, Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со Семос Едукација, на 21 и 22 мај 2025 година ја организираат обуката: „Работете попаметно, не потешко: Откријте ја моќта на Copilot за Word, Excel, PowerPoint, Outlook и Teams"

Оваа обука е внимателно дизајнирана за да ви обезбеди сеопфатно разбирање на Copilot за Microsoft 365, алатка со вештачка интелигенција која беспрекорно се интегрира во вашите омилени апликации на Microsoft 365 како Word, PowerPoint и Outlook. Програмата опфаќа две целини:

I. Запознавање со Copilot за Microsoft 365 со што:

II. Оспособување на вашата работна сила со Copilot за use cases на Microsoft 365

Придружете ни се на ова трансформативно патување и овластете ја вашата работна сила со алатките и знаењето за да се истакнете.

За кого е наменета оваа обука:
Оваа обука е идеална за професионалци од различни улоги во организацијата, вклучувајќи раководители, продажни претставници, ИТ специјалисти, маркетери, финансиски професионалци, менаџери за човечки ресурси и оперативен персонал.

Без разлика дали сте лидер што сака да донесува подобри стратешки одлуки, член на продажен тим што сака поефикасно да комуницира со клиенти, ИТ експерт кој настојува да ги оптимизира работните процеси, маркетер фокусиран на зголемување на engagement, финансиски службеник што управува со буџети, HR менаџер што се грижи за развојот на таленти или оперативен менаџер кој е фокусиран на поголема ефикасност, оваа обука ги обезбедува алатките потребни за зголемување на вашата продуктивност и перформанси.

Повеќе https://www.mchamber.mk/mk/home/nastaniinfo/263



**20.05.2025 ,**
**Конференција**

# Регионалната конференција за ревизија, усогласеност и управување со ризици– „Моќта на соработката"




Со голема чест ве покануваме на меѓународна конференција која е од исклучително значење и ќе обедини три реномирани институции од областа на надворешната и внатрешната ревизија за неспоредлива размена на знаење и експертиза.

Имено, Стопанската комора на Северна Македонија ја подржува Регионалната конференција за ревизија, усогласеност и управување со ризици, која ќе се оджи на 20 мај 2025 година во хотел Рогнер, Тирана Албанија, насловена како „Моќта на соработката" и истата е организирана од страна на Здружението на внатрешните ревизори на РС. Македонија, Институтот на овластени ревизори на РС. Македонија и Албанскиот Институт за внатрешна ревизија.

Годинашниот настан е особено значаен, бидејќи го одбележува 15-годишното постоење на Институтот за внатрешни ревизори (ИИА) Албанија – важен јубилеј во унапредувањето на ревизорската професија. Професионалци и експерти од целиот свет, заедно со претставници од регионот, ќе се соберат за оваа исклучителна пригода.

Очекувајте врвни говорници, проникливи дискусии и најсовремени увиди кои ќе го обликуваат идниот развој на внатрешната и надворешната ревизија. Без разлика дали сте лидер во индустријата, експерт или професионалец кој сака да го прошири своето знаење и мрежа, ова е настан кој не смее да се пропушти!

Повеќе за говорниците на конференцијата можете да погледнете на следниве линкови:

https://auditconferencetirana.aiam.org.mk/

https://aiam.org.mk/aktuelno/regionalna-konferenczija/

**21.05.2025, деловни средби**

## „8th International B2B Software Days 2025"-The Future of Digital Busines"




топанската комора на С. Македонија, во соработка со Австриската агенција за промоција на истражувањата, Австриската стопанска комора, Advantage Austria-организација за унапредување на трговијата на Австриската федерална стопанска комора, Виенската деловна агенција и Виенскиот Универзитет за технологија преку ЕЕН–Европската мрежа на претприемачи, Ве поканувaат да учествувате на хибридни деловни средби: „8th International B2B Software Days 2025"-The Future of Digital Busines".

На настанот предвидено е да учествуваат над 1000 учесници пред кои ќе бидат презентирани над 20 тематски работилници, експертски совети за идеи и предизвици. Агендата за тематските работилници можете да ја погледнете на следниот линк: https://2025.b2bsoftwaredays.com/components/46562

Истиот е насочен кон компании и институции за истражување и развој кои бараат технолошка, истражувачка и деловна соработка и претставува одлична можност за воспоставување на контакти со потенцијални партнери и промоција на деловни понуди и барања преку австрискиот пазар. Оваа година партнерска земја на тимот е Франција.

Учеството на настанот е бесплатно. Работен јазик е англискиот. Регистрацијата е отворена до 21 мај 2025 година на следниот линк: https://2025.b2bsoftwaredays.com/signup.



**28.05.2025 , Обука**

## ISO/IEC 27701:2019-08 - ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА - БЕЗБЕДНОСНИ ТЕХНИКИ - ПРОШИРУВАЊЕ НА ISO/IEC 27001 И ISO/IEC 27002 ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ - БАРАЊА И УПАТСТВА




Заштитата на личните податоци стана многу важна компонента на информациската безбедност, особено по усвојувањето на Европската општа регулатива за заштита на податоците (GDPR). За жал, правилната имплементација на ISO/IEC 27001:2022 не е доволна за да се исполнат барањата поврзани со заштитата на личните податоци, па ISO издаде посебен стандард ISO/IEC 27701:2019.

ISO 27701 е меѓународен стандард кој обезбедува насоки за управување со приватноста и заштита на податоците. Овој стандард е продолжување на ISO 27001 (кој се однесува на управување со информациската безбедност) и ISO 27002 (кој обезбедува насоки за спроведување на безбедносни контроли).

ISO 27701 посебно се фокусира на заштита на приватноста и обезбедува насоки за спроведување на системот за управување со информации за приватноста (PIMS).

Ова е корисно за организации кои сакаат да управуваат и да ги заштитат личните податоци во согласност со законодавството како што се Општата регулатива за заштита на податоците (GDPR) во ЕУ или Законот за приватност на потрошувачите во Калифорнија (CCPA) во САД. Стандардот е дизајниран да им помогне на организациите да ги имплементираат потребните контроли и политики за да ја обезбедат приватноста на податоците што ги собираат и обработуваат, како и да ја подобрат довербата на клиентите и регулаторите.

Овој стандард ги дополнува постоечките барања на основниот стандард ISO/IEC 27001:2013 и упатствата за контроли наведени во Анекс А ДО ISO/IEC 27001:2013 и во ISO/IEC 37002:2013, со специфични барања и упатства кои се однесуваат на организациите во улога на контролор или обработувач на лични податоци.

Преку еднодневниот курс, учесниците можат да се запознаат со спецификите на заштитата на личните податоци од гледна точка на овој стандард, со цел успешно да го надградат нивниот систем за управување со информациската безбедност со оваа важна компонента.

СТОПАНСКА КОМОРА
НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ISO 9001:2015

# Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

103
*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088